

**На празникот Успение на Пресвета Богородица, меѓу народот познат како Голема Богородица тргнавме од Охрид, преку Лескоец да го посетиме и да бидеме дел од големиот народен собир кај црквата посветена на Света Богородица во селото Скребатно. Ова напуштено македонско село во кое денес никнат нови куќи е скриено како во гнездо во пазувите на планината Петрино, на десеттина километри од Лескоец**

Стасавме во Лескоец со нашите пријатели од овој крај кои постојано живеат во убавата Флорида, во САД. Застанавме во центарот на оваа убава македонска населба која е ни

село ни град и која најповеќе е позната по убавите охридски цреши, од каде се упативме кон нашата дестинација - Скребатно.

Патниците кои доаѓаат преку Ресен во Охрид го познаваат Лескоец дека почнува од поранешниот индустриски центар кај Косел се' до вечните почивалишта на Охриѓани. Меѓутоа, патот од Лескоец до Скребатно е посебна приказна за посетителот. Уште од почетокот се забележуваат убави и современи македонски куќи со различна архитектура која го привлекува вниманието на посетителот. Бевме информирани дека голем број од тие домови припаѓаат на поранешни жители на Скребатно.

Патот за Скребатно е асфалтиран и пријатен за патување. Но природата од двете страни на реката има посебна убавино. Насекаде зеленило и различни планински дрва. Човек се чувствува како да бил повеќе пати. На природната убавина ѝ немаше крај. Исто така, по патот видовме и бројни варници, што е карактеристика за овој крај под варовита Галичица.

Стасавме во селото Скребатно, во кое покрај напуштените стари и трошни куќи се градат и нови домови, и по патот со повеќе кривини и узгорништа се искачивме до црквата Света Богородица. Бевме информирани дека црквата Света Богородица во Скребатно целосно е возобновена пред петнаесеттина години, врз темелите на стариот храм чија старост не е точно утврдена. Скребатно, пак, по прв пат во пишан документ се спомнува уште во 1583 година. А, Македонците по потекло од селото Скребатно каде денеска нема ниту еден жител не само што ја чуваат традицијата, верата и обичаите туку претставуваат и вистински пример како треба да се сака и надградува едно свето место.


BRAND





***Пишува СЛАВЕ КАТИН***